Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-538/6
28-12-2022 година

Постапувајќи во постапка по службена должност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со Одлука од 20.10.2022 отвори предмет бр. 08 – 538 против Општина Карпош за сторена дискриминација врз основа на попреченост во пристапот до добра и услуги кон лицата со физичка попреченост – жители на Општина Карпош. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 23, став 4 и член 21, став 1, точка 14 и точка 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 28.12.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на попреченост во областа на пристапот до добра и услуги од страна на Општина Карпош кон лицата со физичка попреченост – жители на Општина Карпош.

## Образложение

По добиено известување од страна на portalb.mk со бр. 08 – 538/1 од 12.10.2022 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доби сознанија во врска со непристапност на канцелариите за контакт на граѓаните со пратениците на Собранието на Република Северна Македонија во Општина Карпош. Имено, при посетата на канцелариите во Карпош, новинари увиделе дека истите се поставени на надвозник каде лифтовите и електричните скали не се во функција, со што бил оневозможен пристапот за лицата со попреченост.

Согласно член 21, став 1, алинеја 15 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација има законска надлежност да поведува постапки за заштита од дискриминација по службена должност. Согласно член 23, став 4 од истиот закон, Комисијата покренува постапка по службена должност ако од околностите и фактите, како и од сознанието добиено по допрен глас, основано произлегува дека од страна на државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, правните лица со јавни овластувања е извршена дискриминација во согласност со дискриминаторските основи.

Следствено на горенаведеното, како и поради фактот што во конкретниот случај се засегнати поголем број лица, односно сите лица со попреченост – жители на општина Карпош, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да поведе

постапка по службена должност за заштита од дискриминација врз основа на физичка попреченост на жителите на Општина Карпош во пристапот до добра и услуги.

Имено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на истражувачката сторија објавена на веб страната portalb.mk во врска со канцелариите за контакт на пратениците со граѓаните, поконкретно за канцеларијата во Општина Карпош, забележа потенцијална дискриминација врз лицата со физичка попреченост преку оневозможување на пристап до канцеларијата. Согласно наодите од горенаведената сторија станува збор за дискриминација на жителите на Општина Карпош во пристапот до добра и услуги врз основа на физичка попреченост. Сторијата е достапна на следниот линк:

1. https://meta.mk/kancelariite-na-pratenicite-za-komunikacija-so-gragjanite-zatvoreni-koga-treba-da-rabotat/ (МК)
2. https://portalb.mk/819067-komisioni-per-parandalim-dhe-mbrojtje-nga-diskriminimi-hapi-procedure-per-zyren-e-deputeteve-ne-karposh/ (АЛБ)

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 20.10.2022 година испрати Известување за покренување постапка за заштита од дискриминација по службена должност со бр. 08-538/2 до Собранието на Република Северна Македонија, со кое се бараше произнесување по следните прашања:

1. Дали лицата со попреченост имаат пристап до канцеларијата за контакт на граѓаните со пратениците на Собранието на Република Северна Македонија лоцирана во Општина Карпош?

2. Доколку немаат, дали постои алтернативен начин на пристап на овие лица до услугите на горенаведената канцеларија?

3. Доколку не постои ниту друг алтернативен начин за пристап на лицата со физичка попреченост до оваа канцеларија, дали Собранието има преземено соодветни мерки за отстранување на оваа дискриминација?

На 03.11.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор на известувањето испратено до Собранието на Република Северна Македонија.

Во одговорот се наведува дека согласно член 36 од Законот за Собранието на Република Северна Македонија, Собранието во соработка со единиците на локалната самоуправа обезбедува соодветни услови за остварување контакти на пратеникот со граѓаните во неговата изборна единица. Во таа насока, Буџетскиот совет на Собранието на ден 01.06.2018 година има донесено Одлука за начинот на функционирање и обезбедување на средства за остварување на контакти на пратениците со граѓаните со бр. 32 - 3499/6. Согласно точка 1, став 1 од Одлуката, Собранието на Република Северна Македонија во соработка со единиците на локалната самоуправа обезбедува соодветни услови за остварување контакти на пратеникот со граѓаните во неговата изборна единица. Согласно точка 2, став 1 од Одлуката, **единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат простории** кои ќе се користат како канцеларии за контакти со пратениците со граѓаните.

Оттука, Собранието информира дека нема можност да делува и да врши промени во тој поглед, односно дека единиците на локалната самоуправа се исклучиво надлежни за обезбедување на соодветни простории и услови кои ќе ги користат пратениците за одржување на контакти со граѓаните од своите изборни единици.

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Известување за покренување постапка за заштита од дискриминација по службена должност бр. 08 – 538/3 до Општина Карпош, како единица на локалната самоуправа надлежна за конкретните канцеларии, со цел нивно произнесување.

До Комисијата на 20.12.2022 година пристигна одговор од Општина Карпош. Во одговорот се наведува дека Општина Карпош со одлука на советот на Општината обезбедила две канцеларии, кои моментално според нивните сознанија ги користат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и Левица. Меѓутоа, од Општината велат дека досега не добиле поплака или информација во врска со непристапноста на канцелариите за лицата со попреченост. Воедно напоменуваат дека доколку има потреба од промена на канцелариите поради пристапот до нив, Општина Карпош ќе се обиде во рамки на своите можности, согласно законските обврски да ги приспособи за лицата со попреченост.

Согледувајќи ја фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека со пропуштањето да се приспособат канцелариите за контакт на граѓаните со пратениците била извршена директна дискриминација кон лицата со физичка попреченост.

Имено, согласно Уставот на Република Северна Македонија, сите граѓани еднакво ги уживаат своите слободи и права.

Република Северна Македонија во 2011 година ја има ратификувано **Меѓународната конвенцијата за правата на лицата со попреченост**, чија цел се унапредувањето, заштитата и обезбедувањето на целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи на сите лица со попреченост, а која Конвенција согласно членот 118 од Уставот на Република Северна Македонија е дел од внатрешниот правен поредок.

Во таа насока, во **членот 2 од Конвенцијата**, **разумното прилагодување** се дефинира како *„неопходна и соодветна модификација и регулирање, не наметнувајќи непропорционален или несоодветен товар, доколку е потребно во одреден случај, за да им се обезбеди на лицата со попреченост да ги уживаат или остваруваат сите човекови права и основни слободи на еднаква основа со другите“*. Со ова, државите договорни страни се задолжуваат да ги преземат сите соодветни чекори за осигурување на обезбедување на соодветното прилагодување.

Дополнително, во **членот 9 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост**, се воспоставува *обврска на државата да преземе соодветни мерки, со цел да им се овозможи на лицата со попреченост лица да живеат независно и во целост да учествуваат во сите аспекти на животот. Во тој контекст треба да се обезбеди*

*пристап, врз еднаква основа со другите до физичка средина, транспорт, информации и комуникации, вклучувајќи и до информатичките и комуникациските технологии и системи, како и до други капацитети и услуги отворени или обезбедени за јавноста, во урбаните и во руралните области.*

**Членот 29 од Конвенцијата**, пак, предвидува *право лицата со попреченост да учествуваат во политичкиот и јавниот живот на еднаква основа со другите.*

Во овој контекст, соодветното приспособување е дефинирано и во **член 4, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:

*„**Соодветно приспособување** е неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможување на соодветно приспособување е дискриминација.“*

Во **член 4, став 5 Законот** ја дефинира пристапноста до инфраструктурата, добрата и услугите:

*„**Пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите** подразбира преземање на соодветни мерки што осигуруваат дека лицата со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи, до други јавни објекти и услуги во урбани и рурални области. **Оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите е дискриминација**.“*

Обврската за прилагодување на јавните објекти за лицата си попреченост да имаат непречен пристап до нив е пропишана и со **член 11, став 1 од Законот за градење**:

*„Градба за јавни и деловни намени мора да биде проектирана и изградена така што на лицата со инвалидност ќе им се овозможи непречен пристап, движење, престој и работа до и во градбата.“*

Врз основа на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди директна дискриминација врз основа на попреченост во областа на пристап до добра и услуги од страна на Општина Карпош врз жителите на општината со физичка попреченост.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Карпош да изготви акциски план со спецификација на конкретни активности, временски рокови и финансиски импликации за обезбедување соодветно приспособување кое ќе овозможи пристапност на лицата со попреченост до канцелариите за контакт на граѓаните со пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. Општина Карпош е должна да постапи согласно оваа препорака и да го достави акцискиот план по писмен или електронски пат до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **во рок од 30 дена од приемот на мислењето**.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Карпош да ги заврши сите неопходни мерки и активности за обезбедување соодветно приспособување кое ќе овозможи пристапност на лицата со попреченост до канцелариите за контакт на граѓаните со пратениците на Собранието на Република Северна Македонија. Општина Карпош е должна да постапи согласно оваа препорака и да ја отстрани повредата на правото **во рок од 180 дена од приемот на мислењето** и за тоа да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку Општина Карпош не постапи согласно препорачаното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
28.12.2022

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- Општина Карпош, ул. Радика бр. 9, 1000 Скопје
- Собрание на Република Северна Македонија, бул. 11 Октомври бр. 10, 1000 Скопје
- Електронски доставено до медиумот Portalb.mk, на info@portalb.mk